# РЕФЕРАТ
## ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО, ИНФОРМАТИКА И РОБОТИКА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство – Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 14 мај 2025 година, за избор на асистент во наставно-научната компјутерско инженерство информатика и роботика (точка под реден број 3 во конкурсот), и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 41, донесена на 22 мај 2025, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Соња Филипоска, редовен професор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, д-р Анастас Мишев, редовен професор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и д-р Владимир Трајковиќ, редовен професор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на асистент во сите наставно-научни области од наставно-научните полиња информатика и компјутерска техника и информатика, во предвидениот рок се пријави само кандидатот м-р Којдан Ќорвезироски.

### 1 БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот м-р Којдан Ќорвезироски е роден на 4.10.1996, во Скопје. Средно образование завршил во СУГС „Јосип Броз-Тито“ во Скопје, со континуиран одличен успех. Со високо образование се стекнал на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје. Дипломирал на 4.7.2019 година, со просечен успех 9,75.

Кандидатот активно се служи со англискиот јазик, а има познавања и од германскиот јазик.

Во учебната 2019/2020 се запишал на втор циклус (магистерски) студии на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје. Студиите ги завршил во 2020 година, со просечен успех 10,00. На 26.8.2020 година го одбранил магистерскиот труд со тема: „Еластична повеќенаменска платформа со агилно сервисно портфолио“.

Кандидатот е запишан на трет циклус студии (докторски) студии во 2020 година на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје. Во рамките на докторските студии ги има завршено сите предмети и дополнителни активности предвидени со студиската програма, а има пријавено и тема за докторска дисертација која е прифатена на Наставно-научниот совет на ФИНКИ, во октомври 2022, под работен наслов: „Анализа и дизајн на повеќенаменска архитектура на безсерверски платформи за транспарентни пресметки во облак–раб екосистемот“. Како дел од докторските студии, има завршено и престој во странска истражувачка институција, во периодот од 28.9. до 12.10.2023, на Универзитетот „Мигел Хернандез“ во Елче, Шпанија.

Од 2019 година, кандидатот е ангажиран како демонстратор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство. Од 2022 е ангажиран како асистент на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство.

Рецензентската комисија ги имаше предвид сите научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор во асистент до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 2 Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, кандидатот м-р Војдан Ќорвезироски изведува аудиториски и лабораториски вежби на прв циклус студии на сите студиски програми на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, на следниве предмети: Компјутерски мрежи и безбедност, Мрежна безбедност, Основи на сајбер безбедноста, Безжични и мобилни системи, Управување со техничка поддршка, Мрежна и мобилна форензика и Етичко хакирање. За потребите на предметите кандидатот има креирано поголем број на материјали како слајдови за аудиториски вежби, лабораториски елаборати, домашни задачи, проектни задачи, поставување и автоматизирање на виртуелна околина за изведување на лабораториски и проекти и слично.

Кандидатот учествувал како член во Комисија за оцена/или одбрана на 13 дипломски трудови, на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје. По потреба, учествува во работата на Компјутерскиот центар на ФИНКИ, како што е поставувањето на институционален инфраструктурен облак и конфигурирањето на Лабораторијата за отворена наука. Дополнително, како дел од едукативните активности за промоција на ФИНКИ, има држено презентации и предавања за време на Деновите за ориентација и на студентски собири организирани до EESTEC.

**Научноистражувачка дејност**

Во периодот по првиот избор во звањето асистент, м-р Војдан Ќорвезироски има објавено вкупно 7 научни трудови во областа на компјутерските науки и инженерството во меѓународни списанија и конференции, од кои 3 научни труда во научни списанија со импакт-фактор (фактор на влијание), 1 труд во меѓународни научни списанија и 3 труда во меѓународни научни публикации, и тоа:

1. **V. Kjorveziroski**, S. Filiposka, and A. Mishev, ‘Evaluating WebAssembly for Orchestrated Deployment of Serverless Functions’, in *2022 30th Telecommunications Forum (TELFOR)*, Nov. 2022, pp. 1–4. doi: 10.1109/TELFOR56187.2022.9983733
2. **V. Kjorveziroski** and S. Filiposka, ‘WebAssembly as an Enabler for Next Generation Serverless Computing’, *Journal of Grid Computing*, vol. 21, no. 34, 26 Jun. 2023. doi: 10.1007/s10723-023-09669-8.
3. S. Filiposka, C. Bernad, **V. Kjorveziroski**, K. Gilly, P. J. Roig, and S. Alcaraz, ‘MEC Empowered Internet of Vehicles for Smart City Optimisations’, in *2023 IEEE Smart World Congress (SWC)*, 2023, pp. 828–835. doi: 10.1109/SWC57546.2023.10449152.
4. **V. Kjorveziroski** and S. Filiposka, ‘WebAssembly Orchestration in the Context of Serverless Computing’, *Journal of Network and Systems Management*, vol. 31, no. 62, Jul. 2023. doi: 10.1007/s10922-023-09753-0
5. C. Bernad, **V. Kjorveziroski**, P. Roig, S. Alcaraz, K. Gilly, and S. Filiposka, ‘Relocation of container-based services in a MEC-NFV orchestrated environment’, in *IFIP/IEEE International Symposium on Integrated Network Management (IM)*, 2023. doi: https://doi.org/10.1007/978-3-031-81900-1_1
6. **V. Kjorveziroski**, C. Bernad, K. Gilly, and S. Filiposka, ‘Full-mesh VPN performance evaluation for a secure edge-cloud continuum’, *Software: Practice and Experience*, vol. 54, no. 3, Mar. 2024, pp. 1–22. doi: 10.1002/spe.3329.
7. **V. Kjorveziroski** and S. Filiposka, ‘Federated architecture for serverless platforms aimed at transparent execution in the edge-cloud continuum’, *International Journal of Cloud Computing*, vol. 14, no. 1, Jan. 2025, pp. 115–144. doi: https://doi.org/10.1504/IJCC.2025.145664

М-р Војдан Ќорвезироски учествувал во следниве 3 домашни научноистражувачки проекти:

1. Нови безсерверски архитектури, ФИНКИ, 2022/2023

2. Архитектури за облак-раб пресметки, ФИНКИ, 2023/2024
3. CYBER-EAGLE, ФИНКИ, 2024/2025.

М-р Војдан Ќорвезироски активно учествувал во следниве 3 меѓународни научноистражувачки проекти:

1. GÉANT GN5 Phase 1, 2023 – 2024
2. Skills4EOSC, 2022 – 2025
3. GÉANT GN5 Phase 2, 2025 –
4. EOSC Beyond, 2024 –

Како дел од работата на проектите, има земено учество на поголем број настани како предавач и/или обучувач:

1. Skills4EOSC FAIR-by-Design Methodology Webinar на 03.04.2023
2. GÉANT GN5-1 Network Platforms Workshop - GÉANT Network Management as a Service (NMaaS) на 23.05.2023
3. TechEx23 - Deployment of Virtual Labs with NMaaS преку GÉANT на 20.09.2023
4. Skills4EOSC FAIR-by-Design Methodology Training of Trainers на 18.10.2023
5. NMaaS Virtual Lab Infoshare преку GÉANT на 30.11.2023
6. GÉANT Symposium 2023 - NMaaS Virtual Lab Lightning Talk на 14.12.2023
7. TNC 2024 - Orchestrated Deployment of Virtual Labs for Education with nmaas преку GÉANT на 11.06.2024
8. JRES 2024 - Orchestrated Deployment of Virtual Labs for Education преку GÉANT на 12.12.2024
9. Technical skills are the bridge to reproducible research. An introduction for data librarians преку Skills4EOSC на 31.01.2025
10. Skills4EOSC ATRIUM Training, Practical aspects of applying the FAIR-by-Design methodology на 21.03.2025
11. GÉANT Network Platforms Workshop - nmaas – an orchestration platform for virtual environments на 10.04.2025

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатот м-р Војдан Ќорвезироски доби позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на м-р Војдан Ќорвезироски.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека м-р Војдан Ќорвезироски поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето асистент во наставно-научната област компјутерско инженерство, информатика и роботика.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје, м-р Војдан Ќорвезироски да биде избран во звањето асистент во наставно-научната област компјутерско инженерство, информатика и роботика.

# ОБРАЗЕЦ 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:**

Војдан Здравко Ќорвезироски

**Институција:**

Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство

**Научна област:**

Компјутерско инженерство, информатика и роботика

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ/АСИСТЕНТ ИСТРАЖУВАЧ**

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити | да |
| 2 | Стекнат назив – магистер по информатички науки и компјутерско инженерство од областа на Интернет технологии | да |
| 3 | Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот циклус и вториот циклус на академски студии посебно<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,75<br><br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 10,00 | да |
| 4 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: Уверение за напредно познавање и користење на англискиот јазик<br>3. Издавач на документот: Универзитет „Кембриџ“<br>4. Датум на издавање на документот: 29.07.2014 | да |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Соња Филипоска**
**Проф. д-р Анастас Мишев**
**Проф. д-р Владимир Трајковиќ**